РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1215/2
26-05-2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 66-тата седница одржана на 21.04.2022 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата заведена под број 12-1215/1 од 21.02.2022 година, против лицето ///, поранешен градоначалник на Општина ///, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување, поради тоа што во пријавата се содржани наводи по кои ДКСК веќе има постапено по предмет со слична фактографија на наводи и се има произнесено по однос на истите, како и има донесено одлука од своја надлежност.

Предметот со број 12-1215/1 од 21.02.2022 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на непознат подносител на ден 21.02.2022 година поднесена е пријава против лицето ///, поранешен градоначалник на Општина ///, и оформен е предмет со број 12-1215/1 од 21.02.2022 година.

Во пријавата подносителот наведува дека поранешниот градоначалник на Општина /// /// го оштетил буџетот на Општината, и тоа вршејќи исплати кон лица со кои бил во близок однос, како и со вработување на блиско лице во јавното комунално претпријатие, при што на истото му било овозможено да добива плата без да ги извршува работните задачи на работното место.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот нема елементи за нејзино надлежно постапување, поради тоа што во пријавата се содржани наводи по кои ДКСК веќе има постапено по предмет со слична фактографија на наводи и се има произнесено по однос на истите, како и донесена е одлука од нејзина надлежност.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Одобрил: м-р Ш.С., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик-претседател**
**Нури Бајрами**